Врз основа на член 22 став 1 точка 7 и член 36 став 1 точка 1 од Законот за Локална самоуправа („Службен весник на РМ” бр.5/02 и „Службен весник на РСМ“бр.202/2024) и член 70 од Статутот на Општината Битола („Сл. гласник на Општината Битола“ бр.10/05, 17/08, 08/19, 14/20, 19/20 и 5/21), Советот на Општината Битола на седницата одржана на ден 29.12.2025 година, донесе

# П Р О Г Р А М А

за превенција на детско претстапништво на
Општина Битола за 2026 година

## ВОВЕД

Со донесување на Законот за правда за децата, Република Северна Македонија направи голем исчекор во делот на заштитата на правата и интересите на децата. Со новиот концепт на Законот се постигна усогласување со меѓународните стандарди за правда за децата и се создаде еден сеопфатен концепт насочен во полза на децата кои дошле во контакт со правниот систем, а во нивен најдобар интерес.
Овој Закон ги уредува постапките со деца во ризик, деца жртви и сведоци на кривични дела и деца сторители на кривични и прекршочни дела. Воедно законот определува услови за примена на мерки на помош и заштита, воспитни, алтернативни мерки и казни, но и положбата, улогата и надлежностите на органите кои учествуваат.
Општинскиот совет за превенција од детско пр5естапништво на ОпштинаБитола и во 2021 година ќе продолжи со планирање, организирање и реализација на активности кои ќе бидат насочени кон превенција од детско престапништво.
Во текот на спроведувањето на Програмата, доколку според проценката на членовите на ОСПДПБ се јави потреба од нејзино дополнување, унапредување или изменување таа може да биде ревидирана.

Обично, детското престапништво следи траекторија слична на онаа на нормалниот развој на адолесценцијата. Со други зборови, децата и младите имаат тенденција да следат пат кон деликвентно и престапничко однесување, наместо да се упаднат во тоа случајно. Истражувањата покажуваат дека постојат два вида на детски престапници, оние кај кои започнува сериозното антисоцијално однесување во раното детство и оние кај кои овој почеток се совпаѓа со влегувањето во адолесценција. Во секој случај, овие развојни патеки им даваат можност на семејствата, заедниците и системите да интервенираат и да спречат појава на антисоцијални однесувања и вклученост на правосудниот систем.

Рана интервенција спречува појавата на деликвентно однесување и го поддржува развојот на средствата и отпорноста на младите. Додека многу минати пристапи се фокусираат на санирање на видното и / или долгогодишно нарушување на однесувањето, истражувањето покажа дека превенцијата и раната интервенција се поефикасни.

Во суштина, интервенирањето рано „не само што ги спасува младите животи од залудно да се потрошени“, туку исто така го спречува почетокот на криминални кариери и ја намалува веројатноста младите да станат сериозни и насилни сторители.

Токму поради ова а и многу повеќе во Општина Битола е формиран совет за превенција на детско престапништво, како алатка која што ќе претставува систем на политики, мерки но и превземени активности со чија помош се спречуваат и надминуваат престапничките ризици кај младите. Со програмата Општинскиот совет за превенција на детско престапништво на Општина Битола се стреми кон намалување на претстапничките појави и однесувања кај децата односно младите лица и нивна правилна инклузија во секојдневието.

## ЗАКОНСКИ РАМКИ СПОРЕД КОИ СЕ ПОДГОТВУВА САМАТА ПРОГРАМА

Оваа програма произлегува врз основа на член 159 од Законот за правда за децата објавен во „Службен весник на Р.М." бр.148/2013 и Врз основа на член 158 иод Законот за правда за децата објавен во „Службен весник на Р.М." бр.148/2013, како и член 36 од Законот за локалната самоуправа објавен во „Сл. весник на РМ" бр. 05/02 и член 70 од Статутот на Општината Битола објавен во „Службен гласник на Општината Битола" бр. 10/05 и 17/08. Се составува врз основа на одлука за формирање Општински совет за превенција на детско престапништво на совет на Општина Битола објавена во службен гласник на Општина Битола Број 1, година L од 31.01.2019.

## ЦЕЛИ НА ПРОГРАМАТА

Детското престапништво е верен придружник на секое општество. Се јавува скоро во сите социјални системи и денес нема држава во која не претставува значаен социјален и правен проблем. Детското престапништво, по својата структура и социјална опасност, се приближи до злосторството кај возрасните. Особено загрижува е фактот дека повторното појавување на детски престапници е во пораст, што укажува на неефективноста на постојните социјални и криминални мерки за борба против детското престапништво и потребата од изнаоѓање на нови и поефикасни начини за реагирање на овој засилен негативен социјален феномен. Затоа, политиката на борба против криминалот треба да го реши прашањето за детското престапништво, бидејќи во голема мерка го спречува развојот на секое општество, со оглед на важноста на младите за просперитетот на општеството како целина.

За борба против детското престапништво и врсничко насилство, превенцијата е еден од најважните чекори - добри примери и работата на професионалци со мали деца на училишна возраст.

Основна цел на програмата за превенција на детското престапништво на територија на Општина Битола е превенција на детско престапништво, односно сузбивање на веќе постоечки ситуации, враќање на децата на правилен пат како и спречување на нови деца да тргнат по пат на престапништво.

Целта на оваа програма советување, подучување и спречување на деструктивени облици на однесување кај децата и наше превентивно делување заради зголемениот пораст на деца со вакво поведение кои докажаа дека детското престапништво е општествен проблем.

Општите цели на оваа програма се:

1. Проценка на состојбата со малолетничкото престапништво на територијата на општината

2. Сензибилизирање и подигање на свеста на заедницата за постоечкиот и растечки проблем со малолетничката деликвенција

3. Воспоставување и јакнење на координираната соработка со институциите кои го третираат проблемот со малолетничкото престапништво на национално, регионално и локално ниво.

## ВРЕДНОСТИ И ПРИНЦИПИ НА ПРОГРАМАТА

Вредности и принципи врз кои се темели програмата на Општински совет за превенција на детско престапништво ( ОСПДПБ) на ОпштинаБитола:

- Најдобри интереси на децата
- Еднаквост
- Достапност
- Заштита
- Учество
- Грижа
- Родова и полова сензитивност
- Континуитет на заштита

## УЛОГА НА СОВЕТ, ГРАДОНАЧАЛНИК И ЛОКАЛНА САМОУПРАВА ПРИ РЕАЛИЗИРАЊЕ НА ПРОГРАМА ЗА ПРЕВЕНЦИЈА НА ДЕТСКОТО ПРЕСТАПНИШТВО

Советот на Општина Битола ја усвојува оваа Програма со цел да обезбеди транспарентен, интегрален, ефикасен и правичен систем во кој ќе ги опфати мерките и средствата кои што се потребни да се задоволат потребите на корисниците на оваа програма кои живеаат во Општина Битола. Со оваа Програма ќе се реализираат потребите за превенција на детско престапништво на Општина Битола.

Програмата е изгодвена врз основа на член 22, став 1, точка 7 и член 36 став 1 точка 1 од Законот за Локална самоуправа и се дава на усвојување на Советот на Општина Битола.

Програмата влегува во сила *со денот на донесување а ќе се објави* во „Службен гласник на Општината Битола“.

Бр 09-137/20
29.12.2025 год.
Б и т о л а

ПРЕТСЕДАТЕЛ
на Советот на Општина Битола
Бојан Бојкоски

## АКЦИОНЕН ПЛАН

| Бр. | Активност ТЕМА | Цел | Опис на активност | Целна група | Време | Финансиски Ресурси |
|---|---|---|---|---|---|---|
| | Седници на ОСПДПБ според потребите и барањата на членовите и Програмата за работа | Заедничко информирање, координирање, договарање и одлучување за сите потребни прашања и активности кои ќе бидат ставени на Дневен ред | Формални седници на ОСПДПБ за кои ќе има задолжителен записник и други соодветни документи | Членовите на ОСПДПБ | Во текот на цела година | |
| | Зајакнување на вештините на членовите на ОСПДПБ | Обуки и едукативни работилници на членовите на ОСПДПБ на различни теми поврзани со превенција на детско престапништво. | Преку обуки, едукативни предавања, работилници, дебати, и истражувања да се подобрат и зајакнат вештините на членовите на ОСПДПБ , преку едукатори и експерти во различни области. | Членовите на ОСПДПБ | Јануари 2026 | |
| | Идентификување на малолетници до престапи и со ризик од престапи | Насочување на работата на ОСПДПБ кон нашата клучна целна група- малолетници со престапи и со ризик од престапи | ОСПДПБ упатува Барање на информација од ЦСР, СВР, ЈО и ОС- Битола за малолетниците со престапи и ризик од престапи, видови на престапи и изготвување на анализа за бројот на престапите, изречените мерки, нивното влијание во сегашното однесување односно после завршување на изречените мерки. | ЦСР, СВР, ЈО и ОС-Битола | Јануари/Февруари 2026 | |
| | Идентификување на малолетници до престапи и со ризик од престапи | Насочување на работата на ОСПДПБ кон нашата клучна целна група- малолетници со престапи и со ризик од престапи, ученици со педагошки мерки, ученици чии родители се повикани на советување. | ОСПДПБ упатува Барање на информација од основните и средните училишта од Битола за малолетниците со престапи, со негативно поведение и ризик за развивање во престапници, со педагошки мерки и ученици чии | Основни и средни училишта од Битола | Јануари/Февруари 2026 | |

| | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| | | | родители се повикани на советување | | | |
| | Идентификување на малолетници до престапи и со ризик од престапи | Насочување на работата на ОСПДПБ кон нашата клучна целна група- малолетници со престапи и со ризик од престапи, ученици со педагошки мерки, ученици чии родители се повикани на советување. | ОСПДПБ по добиени информации и по извршена анализа за видовите на престапи во основните и средните училишта од Битола организирање на училници, едукации, работилници токму за тие видови на престапи со нагласување на последиците од истите | | | |
| | Активности утврдени од Советот | Информирање и известување на членовите за новата годишна програма во 2026 та година | Опис на активностите (трибини, работилници, настани) за подигнување на свеста за превенција на детското престапништво. | Членовите на ОСПДПБ | Февруари 2026 | |
| | Јавно известување на ЦСР, СВР, ЈО, ОС-Битола , ОУ и СУ- Битола на подготвените Извештаи и Дискусија на ОСПДПБ | Утврдување на потребите за делување на Советот искористувајќи ги сите капацитети | Договарање на активности и тимска соработка | Сите членки на Советот | Февруари 2026 | |
| | Активности утврдени од Советот | Утврдена цел 1 издвоена од сознанијата добиени од извештаите | Активности поврзани со цел 1 | Членки кои имаат врска со Цел 1 | Февруари 2026 | |
| | Активности утврдени од Советот | Утврдена цел 2 издвоена од сознанијата добиени од извештаите | Активности поврзани со цел 2 | Членки кои имаат врска со Цел 2 | Февруари 2026 | |
| | Организирање на | Подигнување на свеста за опасност и последица од | Формирање работни групи од членовите на ОСПДПБ кој би биле | Членовите на ОСПДПБ | Март 2026 | |

| | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| | активностите за трибини | насилство, зависности, криминал, вандализам. | вклучени во трибините, со свои излагања. | | | |
| | Одржување на трибините | Подигнување на свеста и едукација за насилство и сајбер. | Одржување трибини на теми за превенција од насилно однесување и сајбер низ основни училишта во Битола | Работна група | Април 2026 | |
| | Настан организиран од Советот и КИЦ | Подигнување на свеста на децата за против девијантни однесувања преку креативност, музика, дружење и танц. | " ДА БИДЕМЕ КРЕАТИВНИ А НЕ ДЕВИЈАНТНИ "<br>НОВ ДЕН НА МЛАДОСТА БЕЗ зависности, дрога, алкохол, насилство. | Членовите на ОСПДПБ<br>КИЦ<br>Црвен крст<br>Сложувалка срце | Мај 2026 | |
| | Настан органзиран од ОСПДПБ, Сложувалка срце и Црвен Крст Битола | Подигнување свест за дружење, емпатија и помагање на сите без предрасуди во средината. | „ПИКНИК НА СОРАБОТКА; ДРУЖЕЊЕ И ЕМПАТИЈА" | Членови на ОСПДПБ, Сожувалка срце и Црвен Крст | Јуни 2026 | |
| | Организирање на активностите за трибини | Подигнување на свеста за опасност и последица од зависности (дрога, алкохол, пушење) | Формирање работни групи од членовите на ОСПДПБ кој би биле вклучени во трибините, со свои излагања. | Членовите на ОСПДПБ | Септември 2026 | |
| | Одржување на трибините | Подигнување на свеста и едукација за зависности. | Одржување трибини на теми за превенција од зависности низ сите средни училишта во Битола. | Работна група | Октомври – Ноември 2026 | |
| | Меѓународен ден за елиминација на насилството врз жените | 16 дена активизам против родово базирано насилство. | Различни активности поврзани со темата кој ќе се сублимираат со завршен настан "НЕ СИ САМА" | Членовите на ОСПДПБ<br>Младински актив гимназија "Јосип Броз Тито " - Битола | 25 Ноември – 10 Декември 2026 | |

НАПОМЕНА: Во текот на спроведувањето на Програмата, доколку според проценката на членовите на ОСПДПБ се јави потреба од нејзино дополнување, унапредување или изменување таа може да биде ревидирана.